Влада на Република Северна Македонија
Бр.4401-17/68

# З А П И С Н И К

од Шеесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 јуни 2020 година

Скопје, јуни 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 јуни 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 22:55 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Хусни Исмаили, министер за култура, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог - уредба со законска сила за прашања поврзани со изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на 15 јули 2020 година

2. Прашања и предлози

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### Точка 1

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на 15 јули 2020 година, и ја донесе Уредбата со заклучок:

- да се избрише член 8 од Уребата и истата номотехнички да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Оваа уредба со законска сила е донесена со еден глас воздржан.

### Точка 2

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 23:30 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| д-р Драги Рашковски | Оливер Спасовски |

Подготвил: Никола Пасков
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска